ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ТРУДОВО И СОЦИЈАЛНО ПРАВО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# УПАТСТВО
## за подготвување на трудовите

| | |
|---|---|
| **Формат, јазик и писмо** | ▪ Трудовите се испраќаат во електронска форма, во Microsoft Office Word (Word 97-2003 Document).<br>▪ Фонт кој се користи за пишување на трудовите е Times New Roman, вклучувајќи ги и фуснотите.<br>▪ Големината на фонтот на основниот текст е 12, проред single, маргини 2,5 (горна и долна, лева и десна), а на фуснотите, 10, со проред single.<br>▪ Основниот текст и текстот во фуснотите треба да биде порамнет (justified).<br>▪ Сите страни треба да бидат нумерирани.<br>▪ Форматот на страниците е А4.<br><br>▪ Трудовите се објавуваат на Македонски јазик (кирилично писмо) или Англиски јазик. |
| **Обем на трудот** | Најмногу 35.000 карактери или 16 страници. |
| **Доставување** | Трудовите се испраќаат на следната e-mail адреса: ztspsm@gmail.com |
| | ▪ **Првата страница во текстот треба да содржи** (во *Italic*)**:** научен степен, име и презиме на авторот; звање и установа во која е вработен (се пишуваат во горниот лев агол на страницата). Под наведувањето на податоците за авторот/ите, се наведува **насловот на трудот** кој се пишува со **големи болдирани букви, фонт 14** (во средината на страницата). Исто така, првата страница треба да содржи и **апстракт** (до 150 зборови) и **4–5 клучни зборови**.<br><br>▪ **Структура на трудот:**<br>• Вовед |

| | |
|---|---|
| **Изглед и структура на трудот** | • Подналов 1<br>Поднаслов 1.1.<br>Поднаслов 1.1.1.<br>• Поднаслов 2<br>Поднаслов 2.1.<br>Поднаслов 2.1.1.<br><br>• Заклучок<br><br>▪ **Поднасловите во текстот се пишуваат на следниот начин:**<br>Поднаслов 1 (нумериран со арапски бројки, мали букви, Times New Roman, 12, Bold);<br>Поднаслов 2 и понатаму (нумериран со арапски бројки, мали букви, Times New Roman, 12, Italic)<br><br>▪ **Цитирањето** се врши на начин на кој, на соодветното место во текстот се става фуснота, а на дното на страницата се внесува изворот, по следниот редослед: почетна буква на името на авторот, презимето, насловот на трудот, изворот, годината на издавање и бројот на страница.<br>На пример: C. Barnard, *The working time regulations*, Industrial Law Journal, Vol. 28/1998, 12.<br><br>Доколку истиот автор се цитира веднаш потоа, наместо повторување на името на авторот, трудот и изворот, ставете *Ibid.*<br>Доколку истиот труд од истиот автор се цитира со прекин (во меѓувреме е цитиран друг автор), цитирањето се врши на следниот начин: C. Barnard, *op. cit.*, 12.<br><br>Кога во трудот се цитираат повеќе дела од ист автор, при секое цитирање се наведува полниот назив на делото (освен доколку цитирањето не е последователно – случајот во кој се внесува *Ibid.*)<br><br>Цитатите и користената литература (листата на библиографски единици) на крајот на текстот, мора да соодветствуваат. Библиографските единици во литературата се наведуваат на оригиналниот јазик и писмо, без преведување.<br><br>▪ **Користена Литература**<br><br>Користената литература се наведува на крајот на текстот.<br>Библиографските единици се наведуваат по азбучен ред, по презимето на првиот автор.<br>Библиографската единица треба да содржи:<br>**За книги:** презиме и прва буква од името на авторот, година на издавање во заграда, наслов на книгата, место на издавање и назив на издавачот;<br>**За поглавја во книги:** презиме и прва буква од името на авторот, година на издавање во заграда, и наслов на поглавјето, а во продолжение: прва буква од името на уредникот, презиме на уредникот, скратена ознака на уредниците (во заграда), наслов на книгата, место на издавање, назив на издавачот, бројот на првата и последната страница на поглавјето; |

| | |
|---|---|
| | **За трудови во списание:** презиме и прво име на авторот, година на издавање во заграда, наслов на трудот, наслов на списанието, број и број на првата и последната страница на трудот;<br>**За документи преземени од интернет**: покрај веб страницата, внесете го датумот на пристап на интернет страницата од која е преземен документот;<br>**За закони и други прописи**: покрај насловот, напишете го службеното гласило на објавување<br><br>▪ **Прилози на крајот на трудот:** наслов на трудот, апстракт и клучни зборови на англиски јазик (во *Italic*) |
| **Рецензирање** | Трудот го оценуваат анонимни рецензенти. |

- Редакцијата ги моли авторите да водат сметка за правата на интелектуална сопственост и забраната за плагијаризам, при пишувањето на трудот и изнесувањето на наодите, резултатите и заклучоците од истражувањето.

- **НАПОМЕНИ**:

✓ Се објавуваат само оние научни и стручни трудови кои се позитивно рецензирани од страна на компетентни рецензенти;
✓ Трудовите кои не се подготвени во согласност со Упатството за подготвување на трудовите, нема да бидат земени во предвид во постапката за рецензирање;
✓ По рецензирањето на трудот од страна на анонимните рецензенти, редакцијата може да му го врати трудот на авторот за постапување/доработување во согласност со рецензентскиот извештај;
✓ Редакцијата, благовремено го известува авторот за приемот на трудот и исходот од рецензентската постапка.